#INNO4EDU

| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Игра со цефки | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 3 до 10 години) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Самодоверба |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 15 минути | 20-25 минути |
| **Цели** | |
| Целта е детето да ја развие способноста за искористување на играта и игровните активности во функција на учење и откривање и да се поддржува кон користење на предметите и материјалите за друга намена, различна од онаа за која тие се создадени. | |
| **Очекувани резултати** | |
| | |
| **Насоки** | |
| **<u>Претходна подготовка за активност</u>**<br>На маса или на послужавник се редат и лепат со селотејп цефки како патека. Тие се поставуваат една спроти друга и помеѓу нив има простор од околу 10 сантиметри. Патеката може да биде во повеќе насоки (да наликува на лавиринт/улица), односно на секој завршеток од една цефка се поставува друга (се лепат со селотејп) кои може да бидат во повеќе насоки и се поставуваат сѐ до определената цел. Се зема стиропорно топче/мал надуван балон, лист од дрво/цвет, топка од памук и слично и се поставува на почеток од патеката. На почетокот се става знак старт, а на крајот на патеката цел. | |

**Инструкции/насоки за играта**

Со помош на дување низ цефката детето треба да го придвижува топчето/балонот низ патеката од цефки и да го однесе до целта.

**Активност/игра**

На детето му се објаснува дека е потребно да го пренесе топчето/балонот низ патеката до целта, со помош на дување на воздух низ цефката. Оваа игра може да се игра и со другите членови од семејството, односно да се направат повеќе идентични патеки и да се натпреваруваат кој ќе стигне прв до целта.

| **Прилози** | **Материјали** |
|---|---|
| Прилог бр. 1<br><br>Нема прилог | Стиропорно топче/мал надуван балон, лист од дрво/цвет, топка од памук; цефки; селотејп; |
| **Активноста е подготвена од едукаторите:** | |
| Создадено од: Соња Чаловска, Весна Пецева<br><br>Графички дизајн: Катерина Николовска | |



